# КОН ОВОЈ БРОЈ НА „СОЦИОЛОШКА РЕВИЈА“

Социолошка ревија е списание што го издаваат *Здружението на социолозите на Република Македонија* и *Институтот за социологија при Филозофскиот факултет*, Скопје. Од 2005 год. *Ревијата* доби континуиран тек во нејзиното публикување. Во рамките на актуелниот организациски одбор, овој број (1/2, 2007) претставува нејзино трето издание. Излегувајќи секоја година како двоброј, таа главно ги задоволува потребите од публицистичка дејност во практикувањето на социологијата како професија. Доколку се зголеми потребата за публикување на повеќе текстови, изразена во зголемениот интерес на авторите од ова подрачје, организацискиот одбор е подготвен да публикува и повеќе изданија во текот на една година.

Секој издаден број на *Социолошка ревија* е резултат од големиот ентузијазам на уредникот и на редакцискиот одбор, но и од организациската помош што се добива од страна на Филозофскиот факултет од Скопје, каде што се наоѓа и седиштето на Здружението на социолозите на Република Македонија.

Во овој број доминираат статиите кои разработуваат теми од субподрачјето на социологијата кое се однесува на **социјалните нееднаквости и економијата**. Навидум, тоа може да се третира како случајност, т.е. дека авторите на текстовите, независно еден од друг, ги избрале своите теми. Иако науките не смеат да се редуцираат на дневните општествени прашања и дилеми, сепак реалноста која ја живее аналитичарот ја чини рамката на сознанието, и тоа не само во поимното сфаќање, туку и во селекцијата на неговото внимание. Во минатите периоди доминираа теми поврзани со етничкиот или со религиозниот аспект, лоцирајќи ја општествената мисла онаму од каде што доаѓаа дневните општествени случувања. Денес нашата општествена реалност дава сигнали дека треба да се актуализираат и други прашања кои биле запоставени во минатото. Всушност, во минатите две декади на планот на современата социологија на светско ниво, прашањата поврзани со социјалните нееднаквости изгубија од својата актуелност. Причина за тоа е доминацијата на неолибералната доктрина и во рамките на социолошките концепти, која тежиштето на анализите го насочи кон прашања од видот на формалната

еднаквост, т.е на еднаквите можности. Големите промени во општествените структури што денес се случуваат (невработеноста, високата стапка на сиромаштија, промените во квалификациите и занимањата) повторно ја ревитализираат темата за социјалните нееднаквости потенцирајќи ја улогата на одредени општествени фактори во воспоставувањето на контролата врз неочекуваните општествени ефекти од промените. Во тој контекст, од општествените науки се очекува да ја засилат својата апликативна улога во регулирањето на различните општествени практики. Конструкцијата на програми, стратегии или акциски планови станува значајно поле на дејствување на професионалците (експертите) од различни научни подрачја.

Студиите за социјалните нееднаквости кои се најдоа во овој број имаат своја теориска заснованост, емпириска издржаност и компаративна вредност. Значаен прилог за социолошкиот пристап на стратификацијата претставува психолошкиот пристап во кој дојдоа до израз механизмите преку кои општествената норма станува индивидуален избор. И натаму ќе ги охрабруваме авторите од другите гранични подрачја на социологијата да ни доставуваат текстови преку кои социолошкото сознание станува побогато, подлабоко и посестрано.

Во овој број како значајно тематско подрачје се наметнаа евроинтеграциските процеси. Имајќи предвид дека во рамките на студиумите по социологија веќе се реализираат постдипломски и додипломски европски студии, во натамошните етапи ќе настојуваме да го афирмираме овој сегмент како значајна социолошка перспектива. Особено ќе нè радува ако во идните броеви на Ревијата се зголеми бројот на статиите кои ќе ја третираат оваа проблематика за кои се поврзуваат две значајни задачи: а) збогатување на социолошкиот фонд на знаења за евроинтеграциите на македонски јазик, кои сè уште се дефицитарни, создавајќи референтна библиографска база за социолошка професионализација од овој профил; б) афирмација на евроинтеграциските процеси во рамките на оваа професија, и спротивно, афирмација на социологијата и на нејзиното активно вклучување во евроинтеграциските процеси копачејќи го патот за вработување на новите професионални кадри.

И натаму останува одлуката на редакцискиот одбор на *Социолошка ревија* да објавува статии на еден од светските јазици (англиски, француски, германски и руски). И натаму ќе дејствуваме за поголема отвореност на Ревијата, особено продлабочувајќи ги врските со регионалните социолошки центри. Нашите страници во ова издание се збогатени со две статии од регионот, кои, заради воспоставените приципи, ги преведовме на македонски јазик.

Искрено се надеваме дека *Социолошка ревија* ќе стане гласило кое ќе поттикне на активност во правец на зголемено афирмирање и на повисоко ниво на организираност на *еснафот*. Сигурни сме дека постојат многу активности, настани или проекти од професионалниот живот на наставниците по социологија или по граѓанско образование, социолозите-новинари, активистите во граѓанските здруженија, вработените по институциите и сл., кои можат да бидат споделени и пренесени во јавноста.

Главен и одговорен уредник

*Проф. д-р Милева Ѓуровска*